14352


pres-kliping · press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting



НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

30 I. 1971


Конференција за печатот, радиото и телевизијата

# МСУ не е сервисна институција

Вчера претпладне, работната заедница на Музејот за современа уметност од Скопје одржа конференција со новинарите од скопските редакции во врска со честите напади на печатот упатени на дејноста на оваа културна институција.

Речено беше дека по пленумот на ДЛУМ, написите што сѐ појавија во печатот за односите на релацијата ликовните уметници — МСУ, биле еднострани и навредливи како за директорот, така и за целата институција. Со цел правилно да се информира работата на Музејот, кој има многу поважна општествена улога одошто да биде сервис на било која сталешка организација, директорот Боро Петковски опширно ги запозна новинарите со работата на оваа институција.